| Прилог бр.3 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Патолошка физиологија | | | |
| 2. | Код | ДМЗПФ2 | | | |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,<br>Медицински факултет – Скопје,<br>Катедра за патолошка физиологија | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 2 | семестар | 4 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 6 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Одговорен наставник: проф. д-р Венјамин Мајсторов (раководител на катедрата)<br>*-во наставата учествуваат сите наставници, научни соработници и асистенти на катедрата | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Ислушани сите задолжителни предмети од прва година | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | ***Целта на предметот*** е студентите да стекнат и развијат разбирање за механизмот на настанување на болестите и изменетите реакции на човечкото тело при настанување на промени во неговата надворешна и внатрешна средина.<br>Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења во анализа, интерпретирање и решавање на промените во физиологијата на човечкото тело настанати како резултат на различни надворешни и внатрешни фактори кои ја менуваат хомеостазата на организмот.<br>***Резултати***<br>По завршувањето на предметната програма студентот ќе биде способен да дискутира за патофизиолошките механизми на болестите и истите ќе знае да ги распознава и објасни. Студентот ќе може да ги демонстрира експерименталните методи претставени во практичната настава, ќе може да ги идентификува главните настанати промени на експерименталниот модел и да процени каков е ефектот на разните патогени фактори. Исто така ќе биде способен да направи поврзување на теоретските знаења со стекнатите практични знаења. | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | **Теоретска настава -предавања**<br>**1. Поглавје-** Предмет, методи и значење на патофизиологијата**.**<br>- методска единица: Болест........................1час<br>*Резултати од 1 поглавје : студентот ќе може да дефинира што е здравје и болест, кои се симптоми на болеста и како се делат, да ги разликува фазите и стадиумите на болеста.*<br><br>**2. Поглавје –**Општа етиопатогенеза, дејство на физичкиот етиолошки фактор<br>- методска единица: Механички фактор, шок, краш синдром, термички фактор................................2 часа<br>-методска единица: Дејство на електрична струја, дејство на ултразвук, ласер, потреси и вибрации...2 часа<br>-методска единица: Дејство на зраци-светлосни, инфрацрвени, ултравиолетови, радиоактивни...2 часа<br><br>*Резултати од 2.поглавје.....-студентот ќе се насочи во едукација на разните форми на дејство на механичкиот фактор (ел.струја, ултразвук, ласер, потреси и вибрации, дејство на разни видови на зраци), ќе ја изучува патофизиологијата на шокот и краш* | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | *синдромот, ќе стекне знаење за дејството на термичкиот фактор.*<br><br>**3. Поглавје –**Општа етиопатогенеза, дејство на биолошкиот етиолошки фактор<br>- методска единица: Треска...............................1 час<br><br>*Резултати од 3.поглавје.....-студентот ќе се насочи во едукација на видовите на хипертермија и треска, развојните стадиуми на треската и промените во организмот при треска.*<br><br>**4. Поглавје –**Општа етиопатогенеза, дејство на хемискиот фактор<br>- методска единица: Хемиски фактор.................1 час<br><br>*Резултати од 4.поглавје.....-студентот ќе се насочи во едукација на начините на дејство на хемискиот фактор, начините на неговото внесување во организмот, факторите од кои зависи дејството и процесите на биотрансформација.*<br><br>**5. Поглавје –**Општа етиопатогенеза, дејство на психичкиот фактор<br>- методска единица: Психички фактор.............1 час<br><br>*Резултати од 5.поглавје.....-студентот ќе се насочи во едукација на механизмите на одговор на организмот при состојби на стрес.*<br><br>**6. Поглавје –**Хипоксија<br>- методска единица: Хипоксија...........................1 час<br><br>*Резултати од 6.поглавје.....-студентот ќе се насочи во едукација на видовите на хипоксија и компензаторните механизми на организмот при хипоксија.*<br><br>**7. Поглавје –**Патофизиологија на имуниот систем<br>- методска единица: Неспецифичен и специфичен имунитет............1 час<br>-методска единица: Преосетливост тип 1, 2, 3 и 4.........................2 часа<br>-методска единица: Имунодефицитни заболувања, автоимуност......1 час<br>-методска единица: Трансплантациони реакции, тумори и имун систем.....1 час<br><br>*Резултати од 7.поглавје.....-студентот ќе се насочи во едукација на видовите на имунитет, разните форми и реакции на преосетливост, ќе ги запознае имунодефицитните заболувања и автоимуноста, како и трансплатационите реакции и интеракцијата помеѓу туморите и имуниот систем.*<br><br>**8. Поглавје –**Нарушувања на енергетскиот метаболизам и метаболизмот на хранливите материи<br>- методска единица: Нарушувања на енергетскиот метаболизам, нарушувања на метаболизмот на протеини.............2 часа<br>-методска единица: Нарушувања на метаболизмот на јаглените хидрати и масти....2 часа<br>-методска единица: Нарушувања на метаболизмот на вода и електролити...1 час<br><br>*Резултати од 8.поглавје.....-студентот ќе се насочи во едукација на нарушувањата на енергетскиот метаболизам, нарушувањата на метаболизмот на протеини, масти и јаглени хидрати, како и на вода и електролити.* |

| | | |
|---|---|---|
| | | **9. Поглавје –**Нарушувања на локалната циркулација<br>- методска единица: Локална циркулација.........1 час<br><br>*Резултати од 9.поглавје.....-студентот ќе се насочи во едукација на нарушувата на локалната циркулација-хиперемија, исхемија, тромбоза, емболија и ангиопатии.*<br><br>**10. Поглавје –**Патофизиологија на хематопоезниот систем<br>-методска единица: Нарушувања на еритроцитната и леукоцитната лоза.........2 часа<br><br>*Резултати од 10.поглавје.....-студентот ќе се насочи во едукација на нарушувата на еритоцитната лоза-анемија, класификација и патогенеза на анемиите и полицитемиите, како и ќе стекне знаења за квантитативните и квалитативните нарушувања на леукоцитите.*<br><br>**11. Поглавје –**Патофизиологија на кардиоваскулар-ниот систем<br>-методска единица: Нарушувања на минутниот волумен на срцето, срцева слабост......1 час<br>-методска единива: Нарушувања на срцевите залистоци, аритмии....2 часа<br>-методска единица: Нарушувања на коронарната циркулација....1 час<br>-методска единица: Нарушувања на артерискиот крвен притисок.....1 час<br><br>*Резултати од 11.поглавје...-студентот ќе стекне знаење за најчестите нарушувања на минутниот волумен на срцето, ќе може да ги разликува состојбите на лево- и десносрцева слабост со нивните последици, ќе може да ги опише најчестите заболувања на срцевите залистоци, ќе биде способен да ги идентификува видовите на аритмии и нарушувањата на коронарната циркулација, ќе стекне знаење за етиопатогенезата на артериската хипертензија.*<br><br>**12. Поглавје –**Патофизиологија на респираторниот систем<br>-методска единица: Нарушувања на вентилацијата...1 час<br>-методска единица: Нарушувања на односот вентилација/перфузија и нарушувања на дифузијата на гасовите....1 час<br>-методска единица: Патофизиологија на плеврата...1 час<br><br>*Резултати од 12.поглавје...-студентот ќе може да ги дефинира рестриктивните и опструктивните нарушувања на вентилацијата, ќе стекне знаење за пореметувањата на односот вентилација и перфузија, ќе може да ги опише патогенетските механизми на настанување на белодробен едем, ќе се запознае со заболувањата на плеврата-пнеумоторакс и ателектаза.*<br><br>**13. Поглавје–**Патофизиологија на гастроинтести-налниот систем<br>-методска единица: Нарушувања на функцијата на ждрелото, хранопроводот и желудникот.......1 час<br>-методска единица: Нарушувања на функцијата на тенкото црево, панкреасот и дебелото црево....2 часа<br><br>*Резултати од 13.поглавје...-студентот ќе стекне знаења за најчестите нарушувања на голтањето, за нарушувањата на моторната и мукозната функција на желудникот, ќе може ја разбере патогенезата на улкусната болест и на пореметувањата на функцијата на цревната мукоза и ќе може да ги идентификува* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *најважните нарушувања на функцијата на панкреасот и дебелото црево.*<br><br>**14. Поглавје –**Патофизиологија на хепатобилијар-ниот систем<br>-методска единица: Нарушување на метаболните функции на црниот дроб, нарушувања во екскрецијата, составот и функцијата на жолчката...1 час<br>-методска единица: Нарушувања на крвниот проток-портална хипертензија и настанување на асцит....1 час<br><br>*Резултати од 14.Поглавје...- студентот ќе стекне знаење за пореметувањата на метаболизмот на јаглените хидрати, масти и протеини при хепаталните заболувања, ќе може да ги разликува видовите на нарушувања на метаболизмот на билирубин, ќе стекне знаење за патогенезата на нарушувањата во екскрецијата, составот и функцијата на жолчката, како и за патогенезата на порталната хипертензија и нејзините последици.*<br><br>**15. Поглавје –**Патофизиологија на нефроуринарниот систем<br>-методска единица: Нарушување на концентра-ционата и дилуционата способност на бубрегот-полиурија и олигурија, нарушување на бубрежната функција-преренални, ренални и постренални причини...1 час<br>-методска единица: Бубрежна инсуфициенција-акутна и хронична, бубрежни едеми...2 часа<br><br>*Резултати од 15.Поглавје...- студентот ќе може да ги опише најчестите нарушувања на концентрационата и дилуционата способност на бубрегот, ќе стекне знаење за механизмите на настанување на олигурија и полиурија, ќе биде способен да ги идентификува промените во составот на урината , како и причините и механизмите на настанување на бубрежна инсуфициенција и бубрежни едеми.*<br><br>**16. Поглавје –**Нарушувања на ацидобазната рамнотежа<br>-методска единица: Форми на нарушувања на ацидобазната рамнотежа...1 час<br><br>*Резултати од 16.Поглавје...*-*студентот ќе стекне знаење за механизмите на одржување на ацидобазната рамнотежа и ќе може да ги идентификува главните видови на пореметувања на ацидобазната рамнотежа.*<br><br>**17. Поглавје –**Патофизиологија на ендокриниот систем<br>-методска единица: Нарушувања на функцијата на хипофизата....1 час<br>-методска единица: Нарушувања на функцијата на тироидната и паратироидните жлезди....2 часа<br>-методска единица: Нарушувања на функцијата на надбубрежните жлезди и половите хормони...1 час<br><br>*Резултати од 17.Поглавје...-студентот ќе може да ги дефинира и објасни нарушувањата во функцијата на хипоталамусот и хипофизата, ќе стекне знаење за болестите на штитната жлезда, паратироидните жлезди и надбубрежните жлезди, ќе биде способен да ги опише нарушувањата во лачењето на машките и на женските полови хормони.*<br><br>**Вкупно: ............................................................*45 часа***<br><br>***Практична настава-вежби*** |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***- Од првото поглавје .............3 часа***<br>***- Од второто поглавје ............6 часа***<br>***- Од четврто поглавје ............3 часа***<br>***- Од деветто поглавје............6 часа***<br>***-Од десетто поглавје............3 часа***<br>***-Од дванаесетто поглавје.....3 часа***<br>***-Од седумнаесетто поглавје...6 часа***<br><br>***Вкупно ............................................................30 часа*** |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Предзнаењата од предметите Биохемија и Физиологија се потребни/поврзани со предметот Патофизиологија |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Предавања, интерактивна настава, лабораториски вежби и работа во мали групи, презентирање и изведување на лабораториски постапки, демонстрирање на методи кои се користат |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 180 часа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 45 |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 30 |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 105 |
| 18 | Услови за потпис | За да добие потпис студентот потребно е да ја посетува теоретската и практичната настава и да освои минимум бодови: 1 бод од 30% посетени теоретски часови и 10 бода од посетени 10 вежби од вкупно 12 вежби | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19. | Начин на оценување | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | Колоквиум (тест) 1...18-30<br>Колоквиум (тест) 2...18-30 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | / |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | 12-20 |
| | 19.4. | Посета и учество во теоретска настава: бодови<br><br>Посета и учество во практична настава: бодови | 1-5<br><br>10-15 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Васкова О, Мицева Ристевска С, Поп Ѓорчева Д, Миладинова Д, Лопарска С. | Патолошка физиологија Учебник и практикум за студенти по стоматологија | Боро Графика Скопје | 2010 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | МекФи, Генонг | Патофизиологија на болести – вовед во клиничка патофизиологија | Табернакул | 2010 |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Патолошки основи на болестите |
| 2. | Код | ДМЗПО2 |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,<br>Медицински факултет – Скопје,<br>Катедра за патологија |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус |
| 6. | Академска година / семестар | Година 2 семестар 4 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 5 |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Раководител на Катедра<br>Проф. д-р Магдалена Богдановска Тодоровска<br>*наставата ја изведуваат сите членови на катедрата |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Ислушани сите предмети од I и II семестар |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | - Студентот да се запознае со етиопатогенетските механизми на настанување на болестите.<br>- Студентот да се запознае со макроскопските и хистопатолошките промени на ткивата и органите кај болестите на сите системи.<br>- Студентот да се оспособи за морфолошка дијагностика на болестите, како и да се запознае со современите техники во дијагностиката на болестите.<br>- Студентот да се запознае со основните клинички манифестации на болестите. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Содржина на предметната програма:<br>Теоретска настава:<br>• Патологија на ретикулоендотелен систем...4 часа<br>• Патологија на кардиоваскуларен систем...4 часа<br>• Патологија на респираторен систем...4 часа<br>• Патологија на дигестивен систем... 4 часа<br>• Патологија на усна шуплина ...4 часа<br>• Патологија на уринарен систем...1 час<br>• Патологија на хепатобилијарен систем..2 часа<br>• Патологија на града...2 часа<br>• Патологија на ендокрин систем...4 часа |